Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22 и 134/24) и член 12 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 јули 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕ**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Барањето на Друштвото за производство и трговија ГРИН ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО Битола за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од ФЕЦ “ГРИН ЕНЕРЏИ ГЛ2”, УП1 бр.12-394/24 од 5 јули 2024 година издадена со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрала ФЕЦ “ГРИН ЕНЕРЏИ ГЛ2” УП1 бр.12-772/23 од 6 ноември 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 240/23) СЕ ОДБИВА.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство и трговија ГРИН ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО Битола, со седиште на ул. “Вангел Мајоро” бр. 8-А, Битола (во понатамошниот текст: Друштво), на 5 јули 2024 година, до Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од ФЕЦ “ГРИН ЕНЕРЏИ ГЛ2”, УП1 бр.12-394/24 од 5 јули 2024 година (во понатамошниот текст: Барање).

Регулаторната комисија за енергетика има донесено Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрала ФЕЦ “ГРИН ЕНЕРЏИ ГЛ2” со планирана моќност од 999 kW, со евидентен бр. ЕЕ-ПРОИЗ-820-2023, заверена под бр.УП1 12-509/22 од 30 јануари 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 22/23) и Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрала ФЕЦ “ГРИН ЕНЕРЏИ ГЛ2” УП1 бр.12-772/23 од 6 ноември 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 240/23) со евидентен број ЕЕ-ПРОИЗ-820-2023.

Согласно член 43 став (3) од Законот за енергетика* лиценца за пробна работа се издава само еднаш со важност до девет месеци, со можност за нејзино продолжување под услови, на начин и во постапка утврдени со Правилникот за лиценци од член 41 од овој закон, без плаќање на надоместок.

Барањето е примено во Архивата на Регулаторна комисија за енергетика на 5 јули 2024 година во 15:47 часот по што предметот е доставен за работа првиот нареден работен ден, односно во понеделник на 8 јули 2024 година.

Датумот на важење на издадената лиценца за пробна работа е 6 јули 2024 година, односно истиот е истечен. По разгледување на Барањето е констатирано дека образецот е во копија во

боја и тековната состојба е копија. Следствено на наведеното документацијата не е доставена на начин пропишан во Правилникот за лиценци по што би требало да следи известување за непотполно барање, меѓутоа  барателот не постапил во предвидениот рок согласно Правилникот за лиценци, односно навремено не доставил Барање за продолжување, додека траењето на лиценцата е истечено и согласно истото не може да се преземат понатамошни дејствија за продолжување на истечената лиценца.

Во образложението во доставениот БЛ 12 образец како причина за поднесување на барање за продолжување на лиценцата за пробна работа е наведено: „се чека на одобрение и потписи од институциите за проектот на изведена состојба кој е потребен за трајна лиценца од институции “.

Имајќи ги во предвид одредбите од член 51 и 88 од  Законот за градење, проектот на изведена состојба не подлежи на одобрување од други институции и органи туку истиот се изготвува од страна на правно лице со лиценца за проектирање, а истиот е потребен за изготвување на извештај од надзорен инженер за ставање во употреба на објектот.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е непотполно и согласно член 12  од Правилникот за лиценци изготви предлог - одлука за одбивање на барање за продолжување на лиценца за пробна работа. Предлог - одлуката, согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр. 02-1303/1 од 10 јули 2024 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 12 јули 2024 година. На подготвителната седница немаше забелешки по предлог - одлуката од страна на присутните.

Регулаторната комисија за енергетика на  15 јули 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика и член 12 од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за одбивање на барањето за продолжување на лиценца за пробна работа од за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрала „ФЕЦ “ГРИН ЕНЕРЏИ ГЛ2”, “ на Друштвото за производство и трговија ГРИН ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО Битола.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-394/24**
**15 јули 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**